**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-246
26. 08 **2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2931/1 од 25.07.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-3223/3 од 25.08.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.08.2022 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка –јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), на начин што на својот телевизиски програмски сервис, на 4 јули 2022 година: блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros" и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija", беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем" не беше аплицирана соодветната предупредувачка сигнализација.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2931/1 од 25.07.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот

Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од ЗАВМУ, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство. Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење (член 50 став 3 од ЗАВМУ).

Во член 19 од ПЗМЛ пропишано е дека предупредувачката сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите достапни во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, и тоа: во сите видови играна програма, и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 25-ти јули 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти јули 2022 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на член 19 од ПЗМЛ.

Со редовниот надзор е констатирано дека на 4-ти јули 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros“ и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija“, беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем“ не беше аплицирана соодветната предупредувачка сигнализација.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2931/1 од 25.07.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 26.07.2022 година, испрати Допис наш бр.10-2931/2 од 26.07.2022 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2931/1 од 25.07.2022 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 16.08.2022 година. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Меѓутоа, на 22.08.2022 година, со овластен претставник од страна на радиодифузерот, а на иницијатива на надлежниот сектор во Агенцијата, беше одржана работна средба, во врска со забелешките/прекршоците евидентирани во извештаите од редовниот програмски и административен надзор извршен на 4-ти јули 2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје. По реализираната работна средба, претставникот на радиодифузерот, целосно ги прифати, односно немаше забелешки по наводите од извештаите за административниот и за програмскиот надзор, за што составена е Службена белешка бр.03-3212/1 од 23.08.2022 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското

друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон и член 19 од ПЗМЛ, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2931/1 од 25.07.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-3223/3 од 25.08.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и на ПЗМЛ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2931/1 од 25.07.2022 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 25-07-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojë | Вредност Vlera |
| 10 | 2931 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јули 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 јули 2022 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** (*предупредувачката сигнализација за категоријата програма задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси за сите видови играна програма и за оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица*).

Спротивно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, во програмскиот сервис од 4 јули:

- под заеднички наслов/најавна шпица: „Chavorikani programa – animirano filmi", емитуван е блок од 5 засебни епизоди, стари кусометражни анимирани филмови за деца (*програма од прва категорија – наменета за целата публика*): Woody Woodpecker/Петре Клукајдрвчето, и „Chilly Willy/Смрзнатиот Пингвин), од продуцентот - „Warner Bros" (*Ворнер брадерс*), од серијата генерациски позната под насловот - „Looney Tunes" (*Луни тјунс*), продуцирана во периодот од 1940 до 1970 година. Анимираните филмови не се соодветно категоризирани како Програма од прва категорија, наменета за целата публика;

- емитувани се две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija", насловени: „Dajakoro mangipe" и „Emaneti Allah", изведена од аматерска актерска група „Млади таленти", продуцирана во 2009 година. И двете епизоди, според „Критериумите за категоризација на програмите" и „Описите за категориите програми" (чл. 14 и чл. 17 од Правилникот), требало да бидат означени како – Програма од втора категорија, што не се препорачува за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател. Двете епизоди се реализирани како кусометражни, утилитарни, наменски играни филмови - против пороци, со еманципаторска цел за млади лица од ромската заедница, и со евидентно - намерно натуралистички режирана форма, за да се пренесе лесно читлива морална поука ставена во помошен, религиски контекст.

Наведените програми, ниту пред почетокот ниту за целото нивно времетраење, не беа означени со предупредувачка сигнализација.

**4 јули 2022 г.**

| Наслов на емисијата | | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | почеток | крај | |
| Блок анимирани филмови од продуцентот „Warner | Woody Woodpecker (*Петре Клукајдрвчето*) | 07:16:04 | 07:22:50 | Ни пред почетокот ни во текот на целото времетраење - не се означени |
| | Woody Woodpecker | 07:22:51 | 07:42:58 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Bros" | Chilly Willy (*Смрзнатиот Пингвин*) | 07:43:03 | 07:49:46 | со соодветна предупредувачка сигнализација за – Програма од прва категорија, наменета за целата публика. |
| | Chilly Willy | 07:49:51 | 07:56:38 | |
| | Woody Woodpecker | 07:56:44 | 08:03:27 | |

**4 јули 2022 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Две епизоди од образовно - забавна програма – „Islamsko serija": | | | Ни пред почетокот ни во текот на целото времетраење - не се означени со соодветна предупредувачка сигнализација. Двете епизоди задолжително требало да бидат означени како програма од - Втора категорија (8+), за чие следење се препорачува надзор од родител или старател. |
| 1. „Dajakoro mangipe"; | 18:26:14 | 18:52:00 | |
| 2. „Emaneti Allah"; | 18:52:01 | 19:29:27 | |

- Американската долгометражна семејна комедија-драма „Џош и Сем", во текот на целото времетраење соодветно е означена како програма од втора категорија, но пред почетокот ознаката не е емитувана со траење од најмалку 10 секунди и со големина најмалку од ¼ од видливиот дел на екранот (технички пропишано со членот 20 до Правилникот).

**4 јули 2022 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Џош и Сем" – игран филм | 19:30:23 | 21:04:25 | Пред почетокот на емитувањето, играниот филм не е соодветно означен со сигнализација за Програма од втора категорија со траење од најмалку 10 секунди. |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ

ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 4 јули 2022 година: блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros" и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija", беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем" не беше аплицирана соодветната предупредувачка сигнализација.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***